**Следен концерт:**
**12 октомври 2025 (недела), 20:00ч.**
**Сала Империјал, Национална опера и балет**

## КОНЦЕРТ НА МЛАДИ КОМПОЗИТОРИ

**Во рамките на годинашното фестивалско издание, на сцената ќе прозвучат новите композиции на младите автори и студенти по композиција Сара Сиљановска, Лука Јанкулоски, Бојан Димитровски, Никола Ѓорѓиев и Зоран Трајчески, изведени од нивните колеги, студентите по музика.**




СОКОМ
СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

COMPOSERS ASSOCIATION OF MACEDONIA
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia
tel: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk


Република Северна Македонија
Министерство за култура

# 48. ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА 2025



Република Северна Македонија
Министерство за култура

СОКОМ

## КОНЦЕРТ НА ДУВАЧКИОТ КВАРТЕТ КОНСОНАНС

**Елена Дојчинова - флејта**
**Маја Чанаќевиќ - англиски рог**
**Здравко Ангелов - кларинет**
**Сашко Темелковски - бас-кларинет**

**9 октомври 2025 (четврток)**
**Музеј на македонската борба 20:00**

## ПРОГРАМА:

Филип Иванов
**МАКЕДОНСКИ ТАНЦИ И СТАРА ПЕСНА** (2024)

Валентина Велковска Трајановска
**SВЕЗДИН ТРАГ** (2008/2025)

Бојана Петровиќ Алексова
**ostCinLato** (2025)
*светска премиера

Љубомир Бранѓолица
**МЕДИТЕРАНСКА СУИТА** за дувачко трио (1989)

Ангел Спироски
**WHAT WAS SUNG ON THE BACK OF THE WHALE *59.0312872, 10.057632*** (2025)
*светска премиера

Благој Цанев
**МИНИЈАТУРИ** (1952/1970/1971)
арр. Филип Иванов (2024)

**ДУВАЧКИ КВАРТЕТ „КОНСОНАНС"**

Формиран во 2007 година, квартетот „Консонанс" претставува една од ретките формации во Македонија посветени на континуирано развивање и афирмирање на камерниот репертоар за дрвени дувачки ансамбли. Основан од инструменталисти на Филхармонијата, со текот на годините ансамблот развива јасен интерпретациски идентитет, во кој индивидуалните искуства на музичарите се вкрстуваат во заедничка звучна целина. Нивната работа се одликува со аналитички и истражувачки пристап кон репертоарот за дрвени дувачки инструменти, преку кој камерната музика се согледува во современ интерпретациски контекст и се отвораат нови можности за нејзин развој во македонскиот музички простор.

**Елена Дојчинова**, флејта е вработена во оркестарот на НУ Филхармонија како прва флејта. Покрај својата оркестарска дејност таа е активна и на камерната сцена, настапувајќи со повеќе ансамбли, како и како солистка.

**Маја Чанаќевиќ**, англиски рог, долги години делува во оркестарот на НУ Филхармонија, каде што ја извршува функцијата англиски рог и обоа. Нејзината уметничка активност не се ограничува само на оркестарското музицирање, туку вклучува и солистички настапи и редовна соработка во камерни состави.

**Здравко Ангелов**, кларинет, е долгогодишен прв кларинетист и солист на НУ Филхармонија. Неговиот изразен солистички пристап постојано е проследен со ангажман во камерната музика, а тој воедно е и водач на ансамблот „Консонанс".

**Сашко Темелковски**, бас кларинет, е дел од НУ Филхармонија како бас кларинетист и кларинетист. Неговата активност вклучува и снимање на оркестарска музика, како и постојана посветеност на камерното музицирање. Тој е член на ансамблот „Консонанс" од неговото основање.

Искуството од долгогодишното оркестарско музицирање им дава на членовите дисциплина и сигурност, додека камерната практика им овозможува поголема флексибилност и простор за уметнички дијалог. Токму таа комбинација создава изведбен идентитет во кој прецизноста се надополнува со интимна комуникација меѓу инструментите. Репертоарот на ансамблот опфаќа дела од класичната литература за дувачки состави до современи партитури, со особен интерес за македонската музика од поновиот период, која редовно ја претставуваат на фестивали дома и во странство.

Дваесетина години по своето основање, „Консонанс" останува редок и важен пример за континуирана камерна активност на македонската сцена, воспоставувајќи континуитет во изведбата и развојот на камерната литература за дрвени дувачки инструменти.